Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/2016, 71/16, 64/18 и 163/18) и член 5 став 6 од Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево број 07-296/1 од 02.02.2012 година и измената и дополнувањето на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на Општина Делчево бр.07-2328/1 од 27.09.2012 год. бр.09-241/1 од 22.02.2017 год., бр.09-771/1 од 30.04.2019 год. и бр.09-1275/1 од 08.07.2019 год., Советот на Општина Делчево на својата 28.седница, одржана на ден 26.08.2019 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се определува тарифата за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево.

Член 2

Тарифата за вршење на општински линиски превоз по патник во зависност од видот на линиите со кои располага општината е претставена преку следниот табеларен приказ:

| ВИД НА ЛИНИЈА | ЦЕНА (ВО ДЕНАРИ БЕЗ ДДВ) во еден правец |
|---|---|
| ДЕЛЧЕВО – С.ГАБРОВО | 30 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ЅВЕГОР | 30 |
| ДЕЛЧЕВО – С.СТАМЕР | 40 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ГРАД | 55 |
| ДЕЛЧЕВО – ВИРЧЕ | 55 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ТРАБОТИВИШТЕ | 60 |
| ДЕЛЧЕВО – С.СТАР ИСТЕВНИК И С.НОВ ИСТЕВНИК | 80 |
| ДЕЛЧЕВО – С.РАЗЛОВЦИ | 100 |
| ДЕЛЧЕВО – ГОЛАК (РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР) | 90 |
| ДЕЛЧЕВО – С.БИГЛА – С.ТУРИЈА | 100 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ИЛИОВО – С.ТУРИЈА | 100 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ОЧИПАЛА | 35 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ДРАМЧЕ | 70 |
| ДЕЛЧЕВО– С.СЕЛНИК | 70 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ВРАТИСЛАВЦИ | 100 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ПОЛЕТО | 30 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ВЕТРЕН | 40 |

| | |
|---|---|
| ДЕЛЧЕВО – С.КИСЕЛИЦА | 50 |
| ДЕЛЧЕВО – ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „ДЕЛЧЕВО“ | 90 |
| ДЕЛЧЕВО – С.ЧИФЛИК | 40 |
| С.СТАМЕР – С.ГРАД | 40 |
| С.ВИРЧЕ – С.ГРАД | 40 |

Член 3

Цената на превозот по патник и по вид на линија превозниците ќе ја наплатуваат врз основа на утврдениот износ во дадената табела од член 2 од оваа Одлука. Превозникот е должен да се придржува на определените цени за превоз и без одобрение на Советот на општината не смее да прави промени на истата.

Член 4

Превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници при регистрирање на возен ред и добивање на дозвола за определена линија се должни да приложат ценовник за превоз по патник и вид на линија чии цени се идентични со цените од член 2 на оваа Одлука.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на тарифа на линиски општински превоз на патници на подрачјето на општината бр.07-1482 од 14.11.2005 година.

Член 6

Одуката за тарифата влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1649/1

26.08.2019 година

Совет на Општина Делчево

Претседател

Драган Маневски